СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ECONOMIC CHAMBER
OF NORTH MACEDONIA

www.mchamber.mk

# СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - КОМОРА НА ИДНИНАТА

# САП-СИСТЕМИТЕ - ИДНИНА НА МАКЕДОНСКИОТ БИЗНИС

финансиска поддршка до 50% од инвестицијата во САП системи



## СКСМ – КОМОРА НА ИДНИНАТА;
## САП-СИСТЕМИТЕ – ИДНИНА НА МАКЕДОНСКИОТ БИЗНИС



САП е број еден во светски рамки во индустријата на деловен софтвер и еден од лидерите во индустријата за дигитализација. Нивниот концепт Интелигентно претпријатие (Intelligent Enterprise) е решение кое ги следи најновите трендови на компаниите од сите дејности и е светилник во ерата на дигиталната трансформација. Придобивките од користењето на САП-системите силно се одразуваат врз продуктивноста, како и врз зголемувањето на ефикасноста и на ефективноста во бизнисот, па затоа најлогично е Стопанската комора на Северна Македонија да биде промотор на САП-системите во нашата држава.

Завршувајќи ги активностите за создавање Комора на иднината, не можевме да добиеме подобра аналогија на тој слоган од потпишувањето на договорот за стратешко партнерство при примената на САП-системите, кои претставуваат НАСА во ИТ-технологијата. На тој начин, како само по себе да дојде верификувањето на нашата основна поента целосно да се ориентираме спрема компаниите, помагајќи им во зголемувањето на нивната конкурентност. Уште позначајно е придружувањето кон тој стратешки проект на Владата на Република Северна Македонија и на меѓународната организација „Хелветас“, швајцарска интеркооперација со подружница во Скопје, со што можеме слободно да констатираме дека тројцата партнери сме во можност да го субвенционираме, во одреден процент, применувањето на САП-системите во македонските компании, со што ќе ја поттикнеме неговата масовна примена. Кратко и јасно, со ова Стопанската комора на Северна Македонија на дело покажува дека работи во интерес на своите членки.

Претседател
Бранко Азески

Комисијата за финансиска поддршка на процесите на дигитализација во компаниите, како заедничо работно тело на Стопанската комора на Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и на „Хелветас“, швајцарска интеркооперација со подружница во Скопје, во согласност со правилата за организирање и за спроведување на постапката за финансиска поддршка на процесите на дигитализација во компаниите, бр. 02-623/3 од 31.5.2022 година, и со одлуката за измени и за дополнувања на правилата за организирање и за спроведување на постапката за финансиска поддршка на процесите на дигитализација во компаниите, бр. 02-784/4 од 12.7.2022 година, објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за финансиска поддршка на процесите**
**на дигитализација во компаниите**

## 1. ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

**1.1. Општи цели на финансиската поддршка** се насочување спрема компаниите, помагајќи им во зголемувањето на нивната конкурентност, преку еден партнерски однос на Стопанската комора на Северна Македонија, Владата на РС Македонија и на „Хелветас“, швајцарска интеркооперација, подружница во Скопје, градејќи заеднички посакувана цел – конкурентна македонска економија. Партнерскиот однос подразбира трите партнери заеднички да се вклучат во субвенционирањето и во примената на современите дигитални системи во македонските компании, за компаниите да се поттикнат на инвестиции кои ќе значат унапредување на нивните дигитални процеси, применувајќи деловни софтвери кои се лидери во индустријата за дигитализација. Преку субвенционирање со одреден процент во примената на SAP-системите во македонските компании, градејќи концепт на интелигентно претпријатие (Intelligent Enterprise), решенија кои ги следат најновите трендови на компаниите од сите дејности и кои се светилник во ерата на дигиталната трансформација, ќе се даде активен придонес и силно ќе се влијае врз продуктивноста, врз зголемувањето на ефикасноста, врз вработувањата и врз ефективноста во бизнисот.

### 1.2. Целна група

Финансиската поддршка е наменета за дигитална трансформација на средни и на големи претпријатија со доминантна македонска сопственост

(минимум 51 % македонски капитал), чие  седиште е во Република Северна Македонија, со единствена цел да се зголеми нивната конкурентност на домашниот и на странскиот пазар, преку зголемена продуктивноста, профитабилност, ефикасноста и ефективноста во бизнисот.

### 1.3. Времетраење на примената на SAP-системите

Времетраењето на примената на SAP-системите кај апликантот од САП-добавувачот може да биде најдолго до 18 месеци, сметано од денот на потпишување на договорот.

## 2. КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ НА АПЛИКАНТОТ И ТРОШОЦИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

### 2.1 Критериумите за подобност на апликантот се утврдуваат како општи, посебни и како критериуми за евалуација на апликациите

Општи критериуми за подобност на апликантот се:

- да е трговско друштво основано во согласност со Законот за трговски друштва и регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- да е среден трговец со просечен број на вработени до 250 или голем трговец со просечен број на вработени над 250;
- да е правен субјект со доминантна македонска сопственост (минимум 51 % македонски капитал) со седиште во Република Северна Македонија;
- да има позитивен финансиски резултат остварен во 2021 година;
- просечениот број на вработени, остварениот финансиски резултат и другите финансиски показатели за работењето на апликантот се утврдуваат во согласност со финансиските извештаи за последната календарска година.

Посебни критериуми за подобност на апликантот се:

- против него да не е поведена стечајна постапка или постапка за ликвидација;
- да има подмирени доспеани обврски на основа на јавните давачки и придонеси;
- да е членка на Стопанската комора на Северна Македонија;
- против него да не се започнати постапки за присилно извршување на доспеани парични побарувања;

- да го одржува системот најмалку 3 (три) години од денот на неговата примена.

Критериуми за евалуација и за избор на апликации се:

- очекувани ефекти од зголемувањето на продажбата со дигитализација на производството и/или со дигитализација на услугите;
- очекувани ефекти од зголемувањето на профитот со дигитализација на производството и/или со дигитализација на услугите;
- очекувани ефекти од зголемувањето на ефикасноста и на ефективноста низ автоматизација на деловните процеси во компанијата;
- очекувани ефекти од зголемувањето на конкурентноста;
- очекувани ефекти од зголемувањето на извозниот потенцијал;
- очекувани ефекти од намалувањето на трошоците на работењето;
- очекувани ефекти во делот на поефикасното планирање и управување.

Очекуваните ефекти во процесот на апликација апликантот ги изразува описно и/или апсолутно, во износ или во процент.

### 2.2. Подобни трошоци за финансирање

1. Примена на деловниот софтвер SAP, како што се ERP-системите, системите за дигитализација на деловните процеси, за едукација, за човечки ресурси, HR-системи итн., што подразбира:

- подготовка на проектот (Project Preparation);
- едукација и тренинг на клучни корисници;
- концептуален дизајн (Business Blue Print);
- едукација и тренинг на вработените корисници на системот;
- реализација (Realisation);
- завршни подготовки (Final Preparation) и миграција на податоци;
- едукација, подготовка на вработените за преминување кон продукција;
- преминување кон продукција (Go Live) и поддршка на постпродукција.

2. SAP-лиценци

### 2.3. Неподобни трошоци за финансирање

- Набавка и инсталација на хардвер
- Одржување на SAP-лиценците
- Трошоци за вработените
- Сите други трошоци што не се наведени во точка 2.2.
- ДДВ и други даноци и придонеси

## 3. АПЛИКАЦИЈА СО ПРИДРУЖНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Образецот за апликација со потребната документација може да го подигнете од веб-страницата на Стопанската комора на Северна Македонија на следниот линк https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=3&lng=1&evid=100475 или да го добиете преку електронска пошта, по претходно поднесеното барање на електронската адреса наведена во точка 7 од овој јавен повик.

Документацијата поврзана со апликацијата, како и целата кореспонденција се на македонски јазик, со користење на неговото кирилско писмо. Придружните документи и печатената литература кои се дел од понудата може да бидат на друг јазик, со превод на македонски јазик.

## 4. ИЗНОС НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

Со овој јавен повик се обезбедува финансиска поддршка до 50 % од подобните трошоци за финансирање на инвестицијата во примената на деловниот софтвер SAP, но максималниот износ за поединечен корисник, компанија, не смее да надмине 18.400.000,00 (осумнаесет милиони и четиристотини илјади) денари.

## 5. НАЧИН НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИЈАТА

Апликацијата, во еден оригинален примерок на образец за апликација, треба да биде заверена и потпишана од одговорното лице на апликантот.

Апликацијата, заедно со потребната придружна документација, се испраќа/доставува во затворено плико, кое треба да ја носи ознаката не отворај, во архивата на Стопанската комора на Северна Македонија на ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 13 – Скопје.

Во средината на пликото треба да стои:

*Стопанска комора на Северна Македонија – за Комисијата за финансиска поддршка на процесите на дигитализација*

## 6. ДАТУМ НА ОБЈАВА И КРАЕН РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИИТЕ

Јавниот повик се објавува на 25.11.2022 година (петок) и трае до 28.2.2023 година (вторник) до 16 часот.

**Поднесување на апликациите се врши во две фази**

- Првата фаза започнува на 25.11.2022, а завршува на 31.12.2022 година, по што следува процес на оценување и на избор на поднесените апликации од првата фаза.

- Втората фаза започнува на 1.1.2023 година, а завршува на 28.2.2023 година, по процесот на оценување и на избор на поднесените апликации од втората фаза.

## 7. ИНФОРМАЦИИ ЗА КОНТАКТ

За подетални информации во работните денови апликантите може да се обратат во Стопанската комора на Северна Македонија кај м-р Анета Трајковска, претседател на Комисијата за финансиска поддршка на процесите на дигитализација, тел.: 02/3244-041, моб. 070/295-432, електронска адреса: aneta@mchamber.mk.

Бр. 02-1367/3
Скопје, 15.11.2022 година

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA — Република Северна Македонија, Влада на Република Северна Македонија — HELVETAS

# Правила за организирање и спроведување на постапката за финансиска поддршка на процесите за дигитализација во компаниите (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

***(Пречистениот текст ги опфаќа: Правила за организирање и спроведување на постапката за финансиска поддршка на процесите за дигитализација на компаниите бр.02-623/3 од 31.05.2022 година и Одлуката за измени и дополнувања на Правила за организирање и спроведување на постапката за финансиска поддршка на процесите за дигитализација во компаниите 02-784/4 од 12.7.2022 година)***

Со овие правила се утврдуваат основните карактеристики на постапката за финансиска поддршка на процесите за дигитализација во компаниите (во натамошен текст: Правила) и критериумите и постапките за аплицирање во постапката за јавен повик организирани од Комисијата за финансиска поддршка на процесите за дигитализација во компаниите (во натамошен текст: Комисија).

Со Правилата се уредуваат и:

- Критериумите и условите за доделување на финансиска поддршка организирани од Комисијата;
- Постапките за доделување на финансиска поддршка организирани од Комисијата;
- Правилата за исплата на финансиската поддршка;
- Правилата за спроведување на имплементацијата на софтверските решенија SAP поддржани од партнерите;
- Правила за надзор, следење и евалуација на имплементацијата на софтверските решенија SAP;
- Услови за привремен прекин и престанок на финансирање;
- Механизми за заштита на доделените средства преку поддршката;
- Други прашања во надлежност на Комисијата.

## I. ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

### 1.1 Општи цели на финансиската поддршка се:

• целосно да се свртиме кон компаниите, помагајќи им во зголемување

на нивната конкурентност преку еден партнерски однос на Стопанската комора на Северна Македонија, Владата на РС Македонија и Хелветас Швајцарска Интеркооперација со Подружница во Скопје, градејќи заеднички посакувана цел - конкурентна македонска економија;

- субвенционирање во одреден процент во имплементирањето на SAP системите во македонските компании, со што ќе се поттикнеме негова масовна примена како решение SAP, кое е број еден во светски рамки во индустријата на деловен софтвер и еден од лидерите во индустријата за дигитализацијата. Дополнително преку концепт “Интелегентно претпријатие” (Intelligent Enterprise), кое е решение кое ги следи најновите трендови на компаниите од сите дејности и е светилник во ерата на дигиталната трансформација, преку придобивките од користењето на SAP системите силно да се влијае на продуктивноста, на зголемување на ефикасноста и ефективноста во бизнисот.

### 1.2 Целна група

Финансиската поддршка е наменета за дигитална трансформација на средни и големи претпријатија со доминантна македонска сопственост (минимум 51% македонски капитал), чие седиште е во Република Северна Македонија со единствена цел да се зголеми нивната конкурентност на домашниот и странскиот пазар, преку зголемена продуктивност, профитабилност, ефикасност и ефективност во бизнисот.

### 1.3 Времетраење на имплементацијата на SAP системите

Времетраење на имплементацијата на SAP системите кај апликантот може да биде најдолго до 18 месеци, сметано од денот на потпишување на Договорот.

Комисијата, врз основа на оправдани околности може да одобри продолжувања на спроведувањето на имплементацијата на SAP системите кај апликантот до шест месеци или повеќе.

## II. КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ НА АПЛИКАНТОТ

### 2.1 Општи критериуми за подобност на апликантот

- Да е трговско друштво основано согласно Законот за трговски друштва и регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- Да е среден трговец со процечен број на вработени до 250 или голем трговец со просечен број вработени над 250;
- Да е правен субјект со доминантна македонска сопственост (минимум 51%

македонски капитал), со седиште е во Република Северна Македонија;

- Има позитивен финансиски резултат остварен во 2021 година;
- Просениот број на вработени, остварениот финансиски резултат и останатите финансиски показатели се утврдуваат согласно финансиските извештаи доставени во надлежните државни институции на апликантот за последната календарска година.

### 2.2 Посебни критериуми за подобност на апликантот

- против него да не е поведена стечајна постапка или постапка на ликвидација;
- да има подмирени доспеани обврски по основ на јавни давачки и придонеси;
- да е членка на Стопанската комора на Северна Македонија;
- против него да не се отпочнати постапки за присилно извршување на доспеани парични побарувања;
- да го одржува системот најмалку 3 (три) години од денот на неговата имплементација.

### 2.3 Подобни трошоци за финансирање

1. Имплементацијата на SAP деловниот софтвер како што се ERP системите, системи за дигитализација на деловните процеси, за едукација, за човечки ресурси HR системи итн, што подразбира:

- Подготовка на проектот (Project Preparation)
- Едукација и тренинг на клучни корисници
- Концептуален дизајн (Business Blue Print)
- Едукација и тренинг на вработените- корисници на системот
- Реализација (Realisation)
- Завршни подготовки (Final Preparation) и миграција на податоци
- Едукација-подготовка на вработените за преминување кон продукција
- Преминување кон продукција (Go Live) и поддршка на пост-продукција

2. SAP лиценци

### 2.4 Неподобни трошоци за финансирање

1. Набавка и инсталација на хардвер
2. Одржување на SAP лиценци
3. Трошоци за вработени
4. ДДВ, и останати даноци и придонеси
5. Сите други трошоци кои не се наведени во точка 2.3

## III. ПРОЦЕС НА АПЛИКАЦИЈА

Финансиските средства како поддршка се доделуваат врз основа на објавен јавен повик.

Комисијата објавува јавен повик. Јавниот повик се објавува во најмалку два печатени медиуми, од кои еден печатен медиум на албански јазик.

Рокот за поднесување на апликациите е најмалку 30 (триесет) календарски дена од објавувањето на јавниот повик од страна на Комисијата и истиот може да биде продолжен поради оправдани околности.

Со утврдувањето на текстот и објавувањето на јавниот повик Комисијата го утврдува соодносот или соодветниот процент на финансиската поддршка и/или кофинансирањето по апликант.

Јавниот повик задолжително ги содржи следниве информации:

- податоци за Комисијата која го распишува повикот;
- датум на објава и број на јавниот повик;
- начин на поднесување на апликацијата и придружната документација;
- критериуми за подобност на апликантот;
- подобните трошоци за финансирање;
- износ/сооднос на финансиската поддршка и кофинансирањето (доколку е применливо);
- образецот за апликација или линк до обазецот за апликација;
- краен рок за поднесување на апликацијата и
- контакт информации.

При аплицирање за добивање на финансиски средства, задолжително треба да се доставаат следниве документи:

- уредно пополнет Образец за апликација со уредно пополнета вредност на вкупната инвестиција за имплементацијата на SAP систем согласно понудата добиена од добавувач за SAP системи, изразена во денарска против вредност;
- понудата за имплементација на SAP системот изразена во денарска против вредност. Понудата мора да биде издадена најрано од денот на објавата на конкурсот (постари понуди нема да се признават) и понудата мора да има важност на траење од најмалку 4 месеци.
- предлог- договор кој ќе се склучи помеѓу апликантот и добавувачот на SAP системот или изјава од апликантот дека е согласен со условите во понудата од САП добавувачот и е согласен да се потпише договор за набавка, доколку биде избран;
- Финансиски извештаи од завршната сметка за 2021 година (Биланс на состојба, Биланс на успех, Даночен биланс и останати пропишани извештаи дел од завршната сметка)
- нотарска заверена изјава на законскиот застапник на апликантот за прифаќање на условите на Комисијата;
- нотарски заверена изјава за сопственичка - основачка структура на апликантот со која докажува дека компанијата е со минимум 51% на македонска сопственост;
- тековна состојба на апликантот не постара од 6 месеци;
- потврда дека апликантот е членка на Стопанската комора на Северна Македонија;
- потврда дека против него не е поведена стечајна постапка или постапка на ликвидација, не постара од 6 месеци;
- потврда дека ги има подмирени сите доспеани обврски по основ на јавни давачки и придонеси, не постара од 6 месеци;
- потврда дека против него не се отпочнати постапки за присилно извршување на доспеани парични побарувања, не постара од 6 месеци;
- изјава заверена на нотар дека ќе го одржува системот најмалку 5 години од денот на неговата имплементација.

Документацијата поврзани со апликацијата како и целата кореспонденција е на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо. Придружните документи и печатената литература кои се дел од понудата може да бидат на друг јазик, со превод на македонски јазик.

## IV. ПРОЦЕС НА ОЦЕНУВАЊЕ И ИЗБОР

### 4.1 Оценката на понудите

Оценка на понудите се состои од два чекори кои ги спроведува Комисијата:

- Административна проверка на доставената документација и
- Селекција на најприфатливите апликации;

### 4.2 Административна проверка на доставената документација

Административна проверка на доставената документација е постапка со која се проверува дали документацијата е комплетна и согласно условите наведени во јавниот повик. Во случај да недостига некој документ апликантот, на повик на Комисијата има право да ја надополни истата во рок од 5 работни денови, а доколку по тој рок не ја достави бараната документација ќе се смета како некомплетна. Од административната проверка се составува записник.

### 4.3 Селекција

Селекцијата е фаза во која Комисијата по основ на критериумите за оценка спроведува бодување, но по претходно спроведена презентација на апликациите од страна на апликантите. SAP системот може да се користити за потребите на работните процеси на фирмата апликант и/или може да биде средство со кое фирмата апликант ќе ги продава своите производи или услуги. Важно е системот да му помогне на апликантот подобро да работи, да биде поконкурентен и на тој начин помага на домашната економија, ги зголемува приходите кои државата ги собира и ја зголемува конкурентноста на македонското стопанство во смисла на дигитализација.

Како критериуми при евалуација и селекција на апликаците се утврдуваат очекуваните ефекти кои би се постигнале со имплементацијата на САП системите, а се однесуваат на:

- зголемување на продажбата и профитот со дигитализацијата на производството и/или дигитализација на услугите;
- зголемување на ефикасноста и ефективноста низ автоматизација на деловните процеси во компанијата;
- зголемување на конкурентноста
- зголемување на извозниот потенцијал
- намалување на трошоците на работење
- поефикасно планирање и управување

Очекуваните ефекти мора од страна на апликантот во апликацијата и/или понудата од добавувачот САП да бидат изразени описно и апсолутно во износ или процент.

При изборот на апликантите и утврдување на висината на финансиската поддршка по апликант, Комисијата мора да го има впредвид износот на расположливите наменски средства.

Комисијата го задржува правото да преговара со апликантите по однос на дефинирање на активностите и висината на износот за финансиска поддршка, односно да додели помал износ на финансиска поддршка или да не ја додели финансиска поддршка, доколку се процени дека не се исполнети условите за доделување согласно овие Правила, условите од Јавниот повик, очекуваните ефекти од поддршката и износот на расположливите средства со кои управува и располага Комисијата.

Комисијата за спроведената постапка и извршениот избор носи Одлука.

### 4.4 Право на жалба

Право на жалба против Одлуките за избор донесени од Комисијата, компанијата-апликант има во рок од 8 дена од приемот на Одлуката до Управниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија.

Управниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија по жалбите решава во рок од 30 дена од приемот.

## 5 СПРОВЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

### 5.1 Договорот за финансиска поддршка

Апликантите за кои е донесена одлука за финансирање ќе потпишат Договор за доделување средства со Комисијата.

Заради усогласување на одредбите, пред потпишување на Договорот за доделување на средства со Комисијата, во рок од 10 (десет) дена од денот на добивање на Одлуката за избор, корисникот - апликант треба да има доставено примерок од Предлог- Договорот за имплементација на САП системите со САП добавувачот, согласно условите од понудата, но истиот треба да биде пот-потпишан најдоцна истиот ден пред потпишување на Договорот за доделување средства.

Комисијата и Апликантот за кој е донесена одлука за финансирање ќе

склучат Договор за доделување средства во форма и со содржина определена од страна на Комисијата.

Во случај апликантите за кои е донесена одлука за финансирање не пристапат кон потпишување на Договорот за доделување на средства во разумен рок, Комисијата може да побара од истите во определен рок да го потпишат Договорот. Доколку апликантите во рокот определен на страна на Комисијата не го потпишат Договорот за доделување на средства, Комисијата повторно ќе ја разгледа и/или промени одлуката.

### 5.2 Исплата на средствата

Исплатата на средствата се врши сукцесивно, но најмалку на квартално ниво. Комисијата условите за исплата ќе ги утврди во Договорот со апликантот, согласно динамиката на имплементацијата и договорните одредби од договорите со SAP и апликантот (во натамошен текст корисник-апликант), а врз основа на доставена пропратна документација до Комисијата (записници, информации, извештаи, извршени плаќања и сл).

### 5.3 Обврски на корисникот-апликант

Корисникот- апликант има обврска да ја спроведе имплементацијата во согласност со условите пропишани во овие Правила и во Договорот за доделување средства, како и во согласност со добрите технички, економски, финансиски, управувачки стандарди и практики и во согласност со законските и подзаконските акти во Република Северна Македонија.

Корисникот - апликант има обврска да ја спроведе имплементацијата ефективно и ефикасно, во согласност со апликација и утврдениот буџетот. Корисникот - апликант има обврска да води финансиско - сметководствена евиденција, во согласност со сметководствените стандарди и на начин најсоодветен за докажување на реализацијата на активности поврзани со имплементацијата на SAP системот, и ќе изготвува извештаи кон Комисијата со кои ќе ја потврдува реализацијата согласно предвидената динамика.

Корисникот-апликант е должен редовно да ги подмирува своите обврски кон добавувачот на SAP системот по основ на плаќање, но и да соработува во имплементацијата со своите тимови, со што ќе придонесе кон навремена реализација.

Корисниcкот-апликант има обврска да го одржува имплементираниот SAP систем најмалку 5 години од денот на неговата имплементација.

Во случај на прекин или раскинување на договорот за доделување средства, или договорот за имплемнтација на SAP системите, Комисијата го задржува правото

да побара од корисникот да ги врати назад дел или сите добиени средства, во согласност со условите во договорот и да ја активира депонираната меница.

Договорот и исплатите на Комисијата кон корисникот-апликат ќе се договараат и реализираат исклучиво во денари.

Комисијата ќе води евиденција за сервисирање на обврските кои корисниците на средства ги имаат кон добавувачот, како евиденција за редовна реализација на кофинансирањето на кориникот-апликант, како еден од условите за сукцесивната исплата на делот од финансиската поддршка.

За секое доцнење на уплата на средства за покривање на обврските од страна на корисниците кон добавувачот на SAP системите подолго од 60 (шеесет) дена, Комисијата го задржува правото еднострано да го раскине договорот за доделување средства и да ги активира инструментите за заштита.

### 5.4 Чување на документација

Корисникот-апликант има обврска да ја чува целокупната документација од финансирањето најмалку 5 години по завршување на имплементацијата на SAP системот.

## 6 НАДЗОР, СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА SAP СИСТЕМИТЕ КОИ СЕ ФИНАНСИСКИ ПОДДРЖАНИ

### 6.1 Цели на надзорот

Целта на надзорот е да се следи напредокот на имплементацијата на SAP системот и спроведувањето на планираните активности, да се потврди дека реализираните активности се во согласност со договорите за дадениот период и да се оценат остварените резултати по завршувањето на имплементацијата.

Методите на надзорот вклучуваат:

- разгледување и одобрување на извештаите поднесени од страна на корисникот- апликант;
- теренски посети на корисниците- апликанти;

Следењето се врши од страна на Комисијата, која ќе вклучи во надзор најмалку еден овластен вработен од SAP West Balkans канцеларијата овластена за Северна Македонија.

## 6.2 Извештаи и теренски посети

Корисникот – апликант треба до Комисијата да доставува извештаи, и тоа:

- квартални извештаи за напредок (описен дел и финансиски дел) кои Корисникот –апликант ги доставува за времетраењето на имплементацијата и тоа во рок од 14 (четиринаесет) дена по истекот на последниот календарски ден од кварталот;
- завршен извештај (описен дел и финансиски дел) кој Корисникот-апликант го доставува во рок од 30 (триесет) дена по истекот на последниот календарски ден од имплементацијата, а во кој рок Корисникот-апликант исто така треба да ги изврши плаќањата за сите активности спроведени заклучно со истекот на последниот ден од Договорот за имплементација за SAP системите.

Кварталните извештаи, завршниот извештај за следење на активностите, се пополнуваат во обрасци изготвени од страна на Комисијата.

Извештаите се разгледуваат од страна на Комисијата. Во случај на идентификувани неправилности во известувањето кои можат да се корегираат од страна на Корисникот- апликант, Комисијата го известува Корисникот- апликант за идентификуваните неправилности со барање да ги отстрани неправилностите и да поднесе ревидиран извештај.

Во случај извештајот да е соодветно пополнет и доставен, Комисијата го одобрува извештајот и одобрувањето го доставува до Корисникот- апликант.

Комисијата има право од Корисникот-апликант да побара дополнителни информации и документи поврзани со извештаите како и да изврши најавена теренска посета на Корисникот-апликант со цел проверка на информациите доставени во извештаите.

Комисијата ќе врши надзор над спроведувањето и преку теренски посети на корисниците-апликанти. Задолжително е спроведување на најмалку една теренска посета. Комисијата има право да спроведе и повеќе теренски посети доколку е потребно.

Теренските посети вклучуваат посета на деловниот простор на Корисникот-апликант и средба со клучните лица кои работат на имплементација на SAP системот, со цел надзор над спроведувањето (придржување кон процедурите, придржување кон временската рамка, придржување кон одредбите на Договорот за доделување средства и сл).

Теренската посета ќе биде најавена. Комисијата ги известува Корисникот-апликант претходно за спроведување на теренска посета. Известувањето за спроведување на теренска посета мора да е најмалку 5 (пет) дена пред спроведувањето на посетата.

За извршената теренска посета се составува извештај од спроведената теренеска посета во кој се внесуваат податоци за посетата, лицата кои присуствувале на теренската посета, документацијата која е проверена, забелешките кои се констатирани од теренската посета, идентификувани неправилности, насоките и роковите за отстранување на евентуалните неправилности и друго.

До Корисникот-апликант се доставува извештај од спроведената теренска посета. Во случај на констатирани неправилности, Корисникот-апликант е должен да преземе мерки во согласност со насоките и роковите наведени во известувањето. Комисијата нема да изврши исплати на средствата се додека Корисникот- апликант не ги отстрани евентуалните неправилности констатирани во извештајот.

# 7 ПРЕКИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

## 7.1 Услови за прекин на финансирањето

Комисијата го задржува правото да го прекине финансирањето по склучен договор за доделување на средства, во целост или делумно, особено во следниве случаи:

- доколку барањето за исплата од Корисникот-апликант не е во согласност со одредбите од овие Правила и/или од договорот за доделување средства;
- не е поднесен извештај што Корисникот- апликант треба да го поднесе согласно одредбите од овие Правила, или таквиот извештај е нецелосен или потребни се дополнителни информации;
- постои сомневање кај Комисијата презентирани во извештаите и потребни се дополнителни проверки;
- Корисникот-апликант сторил или постои сомневање кај Комисијата дека Корисникот сторил сериозни повреди на обврските од договорот за доделување средства, и/или одредбите од овие Правила;
- Корисникот-апликант сторил или постои сомневање кај Комисијата дека Корисникот-апликант сторил измама или проневера, вклучително и при постапката за доделување на средствата;
- во случај да е поднесен предлог за поведување на стечајна постапка против корисникот-апликант.

### 7.2 Одлука за прекин на финансирањето

Во случај на настанување на која било од околностите од точка 7.1 од овие Правила, Комисијата го задржува правото да донесе одлука за привремен прекин на финансирањето и/или да бара враќање на дел или во целост на финансиските средства исплатени на Корисникот-апликант до тој момент.

### 7.3 Известување за прекин на финансирањето

Комисијата истовремено со одлуката за привремен прекин на финансирањето испраќа и писмено известување до Корисникот-апликант информирајќи го за настанатите прекршувања на договорот за доделување средства со барање Корисникот-апликант да ги отстрани прекршувањата во рок од 14 календарски дена.

### 7.4 Одлука за привремениот прекин на финансирањето

По барање на Корисникот- апликант, Комисијата може да му одобри на Корисникот-апликант дополнителни 30 (триесет) календарски дена за отстранување на прекршувањата. Во одредени случаи за кои се чека одлука од соодветен орган во врска со работењето на Корисникот-апликант, а кој има влијание на привремениот прекин на финансирањето, рокот за отстранување на тие прекршувања може да се продолжи до конечноста на решението од тој орган.

Во случај Корисникот- апликант да ги надмине идентификуваните прекршувања во роковите наведени во точка 7.4 став 1, Комисијата ќе донесе одлука за повлекување на привремениот прекин на финансирањето.

Во случај Корисникот-апликант да не ги отстрани идентификуваните прекршувања во роковите од точка 7.3 и точка 7.4 став 1, Комисијата може да пристапи кон раскинување на договорот. Во секој случај, Комисијата, при одлучување за раскинување на Договорот може да го земе предвид степеност на реализација и имплементација на SAP системот кај корисникот (напредокот на имплементацијата).

## 8 РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА

Комисијата го задржува правото да го раскине договорот за доделување средства во целост или делумно,во случај на проневера и прекршување на обврските од договорот за доделување средства, и/или одредбите од овој Правилник, а особено во следниве случаи:

- Доколку Корисникот-апликант наменски не ги користи одобрените финансиски средства;
- Доколку Корисникот-апликант со намера за измама дава неточни податоци во текот на постапката за доделување средства и за времетраењето на договорот за доделување средства кои имаат материјално влијание;
- Доколку Корисникот-апликант не воведе соодветни политики и процедури кои ќе му овозможат на комисијата да врши надзор и да го оцени напредокот на имплементацијата;
- Доколку Корисникот-апликант не одржува систем на финансиско управување и не подготвува финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди на начин кој соодветно ќе ги рефлектира активностите, ресурсите и трошоците поврзани со имплементацијата;
- Доколку Корисникот-апликант не и обезбеди на Комисијата и/или на лица назначени од страна на Комисијата, да извршат увид во спроведувањето на SAP системот, неговите активности, остварени и сите релевантни документи за имплементацијата, или на сметките и/или истите да ги достави до Комисијата на нејзино барање;
- Доколку Корисникот-апликант не ја извести Комисијата за секоја значајна промена со материјално влијание врз имплементацијата на SAP системот;
- Доколку Корисникот-апликант постапува спротивно на одредбите од точка 7.1 од овие Правила;
- Во случај да е поднесен предлог за поведување на стечајна постапка против Корисникот-апликант.

Во случај на настанување на било која од околностите од точка VIII, Комисијата го задржува правото да донесе одлука за раскинување на договорот и/или да бара враќање на дел или во целост на финансиски средства исплатени на Корисникот до тој момент.

Одлуката за раскинување на договорот за доделување на средства и на финансирањето ја носи Комисијата.

Во случај на раскинување на договорот Комисијата го задржува правото да бара поврат на целиот или дел од износот исплатен од Комисијата на Корисникот-апликант.

Доколку договорот за доделување средства е раскинат од било која причина опфатена со овие Правила, а доделените финансиски средства не се потрошени, корисникот е должен да го врати на КомисиЈата целиот непотрошен износ на средства во рок утврден од страна на Комисијата, но не пократок од 8 (осум) дена, во спротивно тој паѓа во задоцнување и на истиот износ може да биде обврзан да плати законска казнена камата во согласност со Законот за облигациони односи сметано од денот на доцнењето, се до конечната исплата.

Од денот на достасаноста до денот на наплатата, Комисијата го задржува правото да пресметува и наплатува законска казнена камата согласно Законот за облигациони односи.

Комисијата има право да бара казнена камата, надомест на штета и да започне соодветна постапка за обезбедување на побарувањата од корисникот-апликант согласно условите предвидени во договорот и во овие Правила, во најкраток можен рок.

Сите исплати треба да бидат исплатени на Комисијата во денари, на нејзината наменска сметка.

## 9 ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За сите работи кои не се уредени со овие Правила, ќе се применуваат одредбите од законските прописи на Република Северна Македонија.

Овие Правила влегува во сила со денот нивното донесување. Овие правила ќе се објават на веб страната на Стопанската комора на Северна Македонија.

Бр.02-784/8
Скопје, 12.7.2022 година

Претседател
М-р Анета Трајковска

**ОБРАЗЕЦ ЗА АПЛИКАЦИЈА на Јавен повик за финансиска поддршка на процесите за дигитализација во компаниите**

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛ НА БАРАЊЕТО

### Основни податоци за стопанскиот субјект

Име на правниот субјект : ______________________________
(скратен назив)

Седиште: ______________________________
(улица и број, поштенски број, место, општина)

Контакт телефон: ______________________________

E-mail: ______________________________

Website: ______________________________

Директор/овластено лице: ______________________________

Претежна дејност (назив и шифра на дејноста): ______________________________

Шифра на дејноста од која настанал
производот/ линија на производот: ______________________________

Даночен број: ____________________ Матичен број: ____________________

Големина на правниот субјект ____________________

### Податоци за лице за контакт

Име и презиме на лицето за контакт: ______________________________

Функција: ______________________________

E-mail: ______________________________

Контакт телефон: ______________________________

Контакт адреса (улица и број, поштенски број, место, општина), доколку се разликува од адресата на седиштето:

______________________________

Историјат  на развојот на стопанскиот субјект  (до 1500 карактери)

_______________________________________________________________

**Останати податоци потребни при евалуацијата на апликацијата**

Просечен број на вработени на крајот на 2021 година _________

Сопственичка структура (учество на македонски капитал во вкупниот)

_______________________________________________________________

Инвестиции во основни средства во 2021 година (во денари)

_______________________________________________________________

Финансиски резултат- добивка по оданочување во 2021 година (во денари)

_______________________________________________________________

Приходи од извоз во 2021 година (во вкупен износ во денари и како процент од вкупна продажба) _______________________________________________

Краток опис на САП системот предмет на аплицирање

_______________________________________________________________

Главна цел што се сака да се постигне во компанијата со имплементацијата на САП системот (описно)

_______________________________________________________________

Очекувани ефекти во зголемување на продажбата со дигитализацијата на производството и/или дигитализација на услугите (описно и/или апсолутно искажано преку процент )

_______________________________________________________________

Очекувани ефекти во зголемување на профитот со дигитализацијата на производството и/или дигитализација на услугите (описно и/или апсолутно искажано преку процент )

_______________________________________________________________

Очекувани ефекти во зголемување на ефикасноста и ефективноста низ автоматизација на деловните процеси во компанијата (описно и/или апсолутно искажано преку процент )

______________________________

Очекувани ефекти во зголемување на конкурентноста (описно)

______________________________

Очекувани ефекти во зголемување на извозниот потенцијал (описно и/или апсолутно искажано преку процент)

______________________________

Очекувани ефекти во намалување на трошоците на работење (описно и/или апсолутно искажано преку процент)

______________________________

Очекувани ефекти во поефикасно планирање и управување (описно и / илиапсолутно искажано)

______________________________

**Документација која се приложува кон апликацијата**

1) понудата за имплементација на SAP системот од добавувач, изразена во денарска против вредност. (Понудата мора да биде издадена најрано од денот на објавата на конкурсот (постари понуди нема да се признават) и понудата мора да има важност на траење од најмалку 4 месеци). ДА НЕ

2) предлог- договор кој ќе се склучи помеѓу апликантот и добавувач на SAP системите по донесување на Одлуката за избор од Комисијата или изјава од апликантот дека е согласен со условите во понудата од САП добавувачот и се согласен да се потпише договор за набавка, доколку биде избран.

ДА НЕ

3) нотарски заверена изјава на законскиот застапник на апликантот за прифаќање на условите на Комисијата.

ДА НЕ

4) нотарски заверена изјава за сопственичка - основачка структура на апликантот со која докажува дека компанијата е со минимум 51% на македонска сопствеост

ДА НЕ

5) тековна состојба на апликантот не постара од 6 месеци.

ДА НЕ

6) потврда дека апликантот е членка на Стопанската комора на Северна Македонија.

ДА НЕ

7) Финансиски извештаи од завршната сметка за 2021 година (Биланс на состојба, Биланс на успех, Даночен биланс и други законски пропишани обрасци дел од завршната сметка)

ДА НЕ

8) потврда дека против компанијата да не е поведена стечајна постапка или постапка на ликвидација.

ДА НЕ

9) потврда дека ги има подмирени сите доспеани обврски по основ на јавни давачки и придонеси.

ДА НЕ

10) потврда дека против компанијата не се отпочнати постапки за присилно извршување на доспеани парични побарувања.

ДА НЕ

11) изјава заверена на нотар дека ќе го одржува системот најмалку 3 години од денот на неговата имплементација

ДА НЕ

Вкупна инвестиција согласно понуда од страна на овластениот SAP партнер за Северна Македонија

____________________________________________________

Понуда од страна на добавувачот на SAP системите, мора да ги  содржи сите податоци кои се предмет на  јавниот повик и утврдени со ”Правила за организирање и спроведување на постапката за финансиска поддршка на процесите за дигитализација во компаниите“бр. 02-623/3 од 31.05.2022 година и Одлуката за измени и дополнувања на Правила за организирање и спроведување на постапката за финансиска поддршка на процесите за дигитализација во компаниите бр.02-.02-784/4 од 12.7.2022 година

Понудата треба да содржи содржи оспег/називот на системот САП кое ќе се имплементира (софтверско решење), методологија  и план за имплементација, времетраење на имплементацијата, но и на секоја проекта фази и комерцијални  услови (цена, начин на плаќање, рок на испорака на софтверот  итн)  за да се процени износот  и динамиката на финасирање на  проектот, а финансискиот  дел на  понудата од  добавувачот на SAP,  мора да ја има следната форма и содржина, а исклучок е дозволен со додавање или одземање:

| **Проектна фаза за имплементација на САП** | **Вкупно времетраење на  фазата (во месеци) и наведување на почетниот и крајниот месец на имплементација на фазата** | **Цена во денари без ДДВ** |
|---|---|---|
| Подготовка на проектот (Project Prepa-ration) | | |
| Едукација и тренинг на клучни корисници на системот | | |
| Набавка на SAP лиценци | | |
| ** или претплата на SAP лиценци (кои не се финансираат) | | |
| Концептуален дизајн (Business Blue-print) | | |
| Едукација и тренинг на вработени-корисници на системот | | |
| Реализација (Realisation) | | |
| Завршни подготовки (Final Preparation) и миграција на податоци | | |
| Едукација-подготовка на вработените за преминување кон продукција | | |
| Преминување кон продукција (Go Live) и поддршка на пост-продукција | | |
| ВКУПНО | | |

*• доколку во понудата е дадена цена во евра, цената во денари без ддв во оваа апликација се прикажува по курс на еврото од 61.5 денари.*

Барана финансиска поддршка од апликантот _________________________ денари.

**** Доколку имате и инвестиции кои вие ги правите во набавка и инаталација на хардверски системи наменети за воспоставување на САП решенијата, наведета ја нивната вредност, иако е предмет на целосно финансирање на компанијата-апликант.

Датум на аплицирање ____________

**Архивски број** **Печат од компанијата** **Потпис од застапник по закон**

Долги години SAP е светски лидер во производството на деловен софтвер и спаѓа во редот на најголемите софтверски ИТ-компании воопшто. Денес SAP го користат 92 % од компаниите од редот 2.000 најбогати компании на листата на „Форбс“. Веќе четири години по ред SAP е највредниот германски бренд.

Нивниот софтвер се користи во 180 земји во светот и имаат повеќе од 400.000 деловни корисници.

SAP има повеќе од 100.000 вработени и повеќе од 17.000 фирми партнери на сите континенти.

Портфолиото на САП се состои од десетина софтверски решенија, а, секако, најпознат е SAP ERP од четвртата генерација, кој е наречен SAP S / 4HANA. Покрај софтверот ERP, имаат решенија за деловната аналитика, човечките ресурси, за електронската трговија, наплатата, како и голем број решенија за јавната администрација (буџетско планирање и извршување, даночен систем, управување со грантови и така натаму).

SAP беше првиот во светот што започна да развива деловен софтвер наменет за специфични индустрии, така што денес покрива 25 познати индустриски гранки.

Сите софтвери можат да бидат во *cloud* или *on premise*, а основата е нивната ХАНА, првата *in memory* база на податоци.



**Воислав Гениќ, генерален бизнис-менаџер во SAP West Balkans**

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ECONOMIC CHAMBER
OF NORTH MACEDONIA

www.mchamber.mk

# СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - КОМОРА НА ИДНИНАТА

# САП-СИСТЕМИТЕ - ИДНИНА НА МАКЕДОНСКИОТ БИЗНИС

Комисија за финансиска поддршка на процесите на дигитализација
тел.: 02/3244-041, моб. 070/295-432, електронска адреса: aneta@ mchamber.mk

Ноември 2022